ОКТА АД-Скопје

**БАРАЊЕ ПОНУДА бр.2303/23**

**ЗА ИСХРАНА НА ВРАБОТЕНИТЕ И БИФЕ УСЛУГИ ВО РАМКИТЕ НА ОКТА АД-СКОПЈЕ**


**Доверливо**

Овој документ содржи податоци за ОКТА АД-Скопје и не смее, целосно или делумно, да се изнесе од Вашето претпријатие или да се користи за други цели, надвор од ова Барање понуда

**СОДРЖИНА**


| | |
|---|---|
| 1. ВОВЕД ---------------------------------- | 3 |
| 1.1 Потврда за прием на поканата и Изјава за интерес за учество ---------------------------------- | 3 |
| 1.2 Право на учество ---------------------------------- | 3 |
| 2. ПРЕДМЕТ ---------------------------------- | 3 |
| 2.1 Предмет на Барањето понуда ---------------------------------- | 3 |
| 2.2 Времетраење на услугата ---------------------------------- | 4 |
| 3. ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА -ДЕТАЛНО ОПИШАНИ ВО ПРИЛОГ 1 - СПЕЦИФИКАЦИЈА ---------------------------------- | 4 |
| 3.1 Обезбедување на оброци ---------------------------------- | 4 |
| 3.2 Поставување и одржување на 6 апарати за храна и пијалок ---------------------------------- | 4 |
| 3.3 Услуги за пијалок (бар соба) ---------------------------------- | 4 |
| 3.4 Објекти и опрема ---------------------------------- | 5 |
| 4. ОБВРСКИ НА ПОНУДУВАЧОТ ---------------------------------- | 5 |
| 5. ПОДГОТОВКА И СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА, ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДА ---------------------------------- | 5 |
| 5.1 Коверт Техничка понуда ---------------------------------- | 5 |
| 5.2 Коверт Финансиска понуда ---------------------------------- | 8 |
| 5.3 Доставување на понудата ---------------------------------- | 9 |
| 5.4 Посета на објектите во ОКТА ---------------------------------- | 9 |
| 5.5 Доставување прашања за појаснување ---------------------------------- | 9 |
| 6. ВАЖНОСТ НА ПОНУДАТА ---------------------------------- | 9 |
| 7. БАНКАРСКИ ГАРАНЦИИ ---------------------------------- | 9 |
| 8. ОТВАРАЊЕ И ОЦЕНКА НА ПОНУДИ ---------------------------------- | 9 |
| 9. ПРАВА НА ОКТА ---------------------------------- | 10 |
| 10. ПРЕГОВОРИ ---------------------------------- | 10 |

## 1. ВОВЕД

ОКТА АД-Скопје (во натамошниот текст ОКТА), со седиште на улица 1, број 25, н.м. Миладиновци-Илинден, П.Ф. 66, 1000 Скопје, Ве поканува да ја доставите Вашата најдобра понуда за исхрана на вработените и бифе услуги во рамките на ОКТА АД-Скопје, во согласност со упатствата и одредбите од ова Барање понуда.

### 1.1 Потврда за прием на поканата и изјава за интерес за учество

Ве молиме да го потврдите приемот на Барањето понуда и да го пријавите Вашиот интерес за учество во рок од пет (5) работни дена од испраќањето на овој документ, со известување преку E-mail до лицата за комуникација:

Симона Неделковска
тел: 078-203-378
E-mail: snedelkovska@helpe.gr
Александар Димитриевски
Тел: 076-221-838
E-mail: adimitrievski@helpe.gr

Исто така, Ве молиме кон горенаведеното известување да ги вклучите и следните податоци:

- Назив на Вашето друштво;
- Име и Презиме на лицето одговорно за доставување понуда;
- Телефон за контакт и E-mail на одговорното лице;
- **Изјава 1,** потпишана од одговорното лице и заверена со печат на Вашето друштво во која изјавувате дека сте ги разбрале и прифатиле сите одредби од ова Барање понуда.

### 1.2 Право на учество

Право на учество на ова Барање понуда имаат домашни правни лица кои имаат регистрирана дејност и важечки дозволи и одобренија за извршување на услугите кои се предмет на ова Барање за понуда.

## 2 ПРЕДМЕТ

### 2.1 Предмет на Барањето понуда

Со ова Барање понуда, ОКТА започнува процес за избор на добавувач на услуги (во натамошниот текст Понудувач), кој ќе ги задоволи следните барања на ОКТА:

1. Обезбедување на оброци за вработените на ОКТА;
2. Апарати за храна и пијалок (wending machines);
3. Бар соба и услуги за пијалок

Услугите кои се предмет на ова Барање понуда, во текот на нивното извршување ќе бидат контролирани и одобрени од одговорното лице на ОКТА.

### 2.2 Времетраење на услугата

За извршување на услугата од точка 2.1, ОКТА има намера да потпише договор во траење од:

1. три (3) години почнувајќи најрано од 01.05.2023 – 30.04.2026 со вклучен шест (6) месечен пробен период.

Во зависност од добиените финансиски понуди и направената финансиска евалуација од страна на ОКТА.

## 3 ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ИЗВРШУВАЊЕТО НА УСЛУГАТА-ДЕТАЛНО ОПИШАНИ ВО ПРИЛОГ 1 - СПЕЦИФИКАЦИЈА

### 3.1. Обезбедување на оброци

- Редовни услуги за обезбедување на оброци;
- Ангажирање на соодветен број на обучени лица, со полно работно време, за работа во прва смена од 7 до 15 часот, за секоја кујна во рамките на ОКТА (работното време може да биде предмет на промена доколку дојде до одредени промени во рамките на ОКТА);
- Ангажирање на соодветен број на лица за дневна достава на оброци во секоја кујна на ОКТА, за работа и достава согласно потреби и договор;
- Обезбедување на соодветна потребна опрема и материјал за работа;
- Обезбедување на соодветни количини оброци согласно неделни или месечни нарачки;
- Менаџирање на неделните или месечни нарачки по неделно или месечно мени, креирање на мени;
- Обезбедување на лице за одржување на хигиена во рамките на работата;
- Други услуги

### 3.2. Поставување и одржување на 6 апарати за храна и пијалок

- Апаратите по нивно поставување треба редовно да се одржуваат, да бидат со соодветна температура и производите да се секогаш со соодветен рок на траење;
- Апаратите ќе бидат поставени на 6 локации: (1) административна зграда, (2) днд зграда, (3) лабораторија зграда, (4) заштита зграда, (5) главна капија и (6) авто ваги;
- Поставувањето на апаратите не треба да повлекува износи за месечно изнајмување или одржување на апарати;
- Купувањето на производите од апаратите оди директно од страна на вработените на ОКТА и не влегува во никаков надоместок фактуриран кон ОКТА.

### 3.3. Услуги за пијалок (бар соба)

- Редовни услуги за пијалоци;
- Ангажирање на соодветен број на обучени лица, полно работно време, за работа во прва смена од 7 до 15 часот (Давателот на услуга не е потребно да користи дополнителен персонал од тој наведен во точка 1);
- Ангажирање на соодветен број на лица за неделна и/или месечна достава на пијалоци и закуски во бифето (Давателот на услуга не е потребно да користи дополнителен персонал од тој наведен во точка 1);
- Обезбедување на соодветна потребна опрема и материјал за работа;
- Обезбедување на соодветни количини пијалоци и закуски;

- Обезбедување на лице за одржување на хигиена во рамките на бар собата (Давателот на услуга не е потребно да користи дополнителен персонал од тој наведен во точка 1);
- Други услуги.

### 3.4. Објекти и опрема

ОКТА поседува објекти, опрема и инвентар која е предмет на ова Барање понуда. Одржувањето на објектите и опремата во исправна состојба ќе биде обврска на Понудувачот.
Давателот на услуга има право да донесе своја опрема/материјал што не е обезбедена од страна на ОКТА за нормално и безбедно извршување на услугите. Детали за објектите се наведени во Прилог 1 – Спецификација

## 4 ОБВРСКИ НА ПОНУДУВАЧОТ

Обврските на понудувачите се детално објаснети во Прилог 1 – Спецификација.

## 5 ПОДГОТОВКА И СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА, ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДА

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во надворешен затворен коверт со назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 2303/23"**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **" ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот;
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

### 5.1 Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се доставаат:

- **Податоци за компанијата**

- Оригинал или копија на Тековна состојба, издадена од Централен регистар на Р.С.М. (не постара од 30 дена);
- Оригинал или копија од документот Информација за економско финансиска состојба на субјектот за последните 3 години, издадена од Централен регистар на Р.С.М. (не постара од 30 дена);
- Оригинал или Нотарски заверена копија од Решение дека друштвото е регистрирано во Регистарот на објекти и оператори со храна издадено од Агенцијата за храна и ветеринарство, и истото да го обновува за времетраење на договорот;
- Оригинал или Нотарски заверена копија од важечки сертификат/уверение за имплементиран систем за безбедност на храната HACCP (Hazard Analysis Critical Points) издаден од овластено сертифицирано тело;
- Доказ (Изјава со потпис и печат) дека вработените кај операторот со храна да ја поседуваат соодветната стручна подготовка и основните знаења за безбедност на храна во согласност со правилата на добра хигиенска пракса, (обуки на вработените за примена на барањата и

принципите на HACCP системот за хигиена на храната, Уверение за положен испит од областа на безбедност и здравје при работа);

- Доказ за извршени редовни здравствени прегледи на вработените согласно Законот за безбедност и здравје при работа,
- Оригинал или Нотарски заверена копија од последната извршена дезинфекција и дератизација на просториите во кои операторот со храна ги подготвува оброците;
- Потврда за платени даноци и давачки
- Изјава од овластено лице на друштвото дека против друштвото не се водат постапки за присилна наплата на побарувања (извршување)
- Потврда дека против друштвото не се води постапка за стечај или ликвидација
- Осигурителни полиси за:
  - ✓ Осигурување од одговорност за штети причинети на трети лица
  - ✓ Колективно осигурување за вработените кои ќе бидат ангажирани за потребите на ОКТА
  - ✓ Осигурување на машините

➢ Изјава со потпис и печат од овластен претставник на друштвото, со која понудувачот изјавува дека:

a) Согласно Законски прописи се обврзува да чува примерок од делената храна во определен временски период (најмалку 24 часа) по делењето на истата;
b) Прифаќа да ја компензира штетата која може да ја нанесе на ОКТА или на вработените во ОКТА
c) Ги разбира условите на тендерската постапка и дека понудата ја доставува во согласност со истите.

➢ Референтна листа и препораки

- Референтна листа за реализирани договори за иста или слична услуга во период од 2020 до денес
- Препораки и склучени договори (најмалку 5) со компании за услуги од ист тип како и соодветните големини (по број на оброци во годината) за секој од договорите, за последните три години 2020-2023.

➢ Останати документи за техничката понуда

- Доказ дека операторот со храна поседува соодветни ресурси и инфраструктура за ваков тип на услуги, со доставување на сите податоци наведени подолу, индикативно но не лимитирачки на:

a) Простории, машини, опрема, возила за достава на храна со доставување на копии од лиценци и сертификати препишани согласно легислативата. **Капацитет за приготвување на оброци годишно, претставено со вкупен број на оброци кој операторот на храна може да го произведе во текот на една календарска година.** Доказ (опис) на back up план во случај да неговиот процес на производство е привремено прекинат. Листа на возила со детална спецификација и документи за секое од возилата кое би се употребувало за достава на храна. Возилата мора да ги исполнуваат сите услови пропишани за достава на храна, и принципите на HACCP системот за безбедност на храна;

b) Добавувачи (целиот синџир на нарачка-испорака-купување) од кои Понудувачот во моментот на тендерската постапка набавува прехранбени производи (свежи и готвени).

Понудувачите детално ќе ги опишат сите фази на подготовката на оброкот, односно набавка на свежи производи, контрола на квалитетот на свежите производи и нивно чување, производствен процес, порции и пакување, информации на етикетата (т.е. тежина, нутритивни податоци итн.), квалитет/контрола на количината на готови прехранбени производи / оброци, испорака и дистрибуција на оброци.

c) Во врска со автоматите (wending machines), понудувачите потребно е детално да ги опишат истите, кои е потребно да не се постари од 5 години, нивниот план за одржување (т.е. технички детали, чистење, дезинфекција итн.), усогласеност со хигиенските и другите прописи и производите што треба да се продаваат (ако се различни од оние наведени во ПРИЛОГ 1 Спецификација).

- Понудувачите треба да предложат неделни и месечни менија придружени со детален опис на оброците што ќе ги сочинуваат во согласност со минималните барања наведени во Прилог 1 – Спецификација табелите I – V од Прилог 1. , дополнето со:

  a) За секој од прехранбените производи наведени во Прилог 1, понудувачите треба да наведат бренд, вид (на пр. вид риба) и количина (наведени се минималните количини). Декларираните брендови ќе бидат предмет на оценка, а оние со низок квалитет ќе доведат до дисквалификација на соодветниот понудувач. Оценувањето на квалитетот ќе се заснова на табелата „ПРИФАТНИ КРИТЕРИУМИ" во Прилог 1 за производите наведени во наведената табела. За производи кои не се наведени во споменатата табела, квалитетот нема да се земе предвид во техничката евалуација.

  b) Опис (на пр. слики, карактеристики (на пр. микробранова печка), компатибилност со специфичната употреба итн.) на пакувањето за различните видови оброци (понудувачите прифаќаат да достават мостри по барање на ОКТА).

  c) Опис на методологијата (веб-платформа, мобилна апликација или кој било друг метод за ефикасно процесирање на нарачки на вработените) за нарачка на оброци

- Со цел гарантирање на важноста на понудата, Понудувачите потребно е да достават и **Банкарска гаранција за важност (сериозност) на понудата** со која понудувачот ќе ја гарантира својата финансиска понуда. Пример од банкарската гаранција (форма и текст) е дадена како Прилог 2 на ова Барање за понуда. Вредноста на Банкарската гаранција за важност (сериозност) на понудата треба да биде со износ 10.000 ЕУР по среден курс на НБРСМ на денот на издавањето. Важноста на Банкарската гаранција за важност (сериозност) на понудата потребно е да биде + 90 работни дена од последниот ден на поднесување на понудите.

**Сите горенаведени документи треба да се потпишани од одговорното лице и заверени со печат на Понудувачот.**

ОКТА го задржува правото да ја одбие техничката понуда и да не ја отвори финансиската понуда доколку сите документи наведени во точка 5.1 не се доставени во рокот за доставување понуди или во

дополнително продолжениот рок. Во ваков случај, финансиската понуда нема да биде отворена и ќе му биде вратена на Понудувачот.

**5.2 Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се доставаат:**

Сите цени треба да бидат вметнати во доставениот документ Финансиски дел – Спецификација 1, Финансиски дел – Спецификација 2 и Финансиски дел – Спецификација 3.

Понудените цени треба да бидат без ДДВ и нема да подлежат на било какво зголемување за времетраењето на договорот, вклучувајќи ги сите релевантни трошоци, индикативно и неограничувачки на трошоците за транспорт (превоз на храна до и во просториите на ОКТА, превоз на вработените кај понудувачот до и од ОКТА),патарини, трошоци за одржување и работна сила, трошоци за безбедност и здравје при работа, осигурување, провизии, плати, бонуси и сите други редовни и дополнителни давачки за вработените на понудувачот, ангажирани во обезбедувањето на услугата предмет на ова Барање понуда.

Понудените цени треба да бидат непроменливи/фиксни за целиот период на важност на договорот;

**Напомена:**
**Услови на плаќање**: 40 (четириесет) дена од датумот на фактура.

**5.2 Доставување понуда**

Ковертите со Техничката и Финансиската понуда треба да се доставаат во еден затворен плик со **Име, адреса и седиште на Понудувачот** и назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр.2303/23"**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД-Скопје
ул. 1, бр. 25, н.м. Миладиновци - Општина Илинден
ПО. Box 66, 1000 Скопје

Понудите испратени по пошта ќе бидат валидни, доколку датумот на прием во пошта не е после датумот наведен како краен рок за доставување понуда.

**Краен рок за доставување на понуди е Вторник 11.04.2023**

Понудите кои нема да бидат доставени до дефинираниот краен рок, или продолжениот рок за доставување, или не се подготвени според ова Барање понуди, нема да се разгледуваат.

## 5.3 Посета на објектите во ОКТА

Во периодот на изготвување на понуда, Понудувачите **се должни** да ги посетат објектите на ОКТА каде што ќе се извршува услугата, предмет на ова Барање понуда. Во име на ОКТА, лица за контакт за договарање термин за посета се:

**Трајче Митевски** (телефон 2532 179 или мобилен телефон 076 422 606).

**Датуми за посета на објектите на ОКТА се 27.03 – 31.03.2023 година со претходна најава кај лицето за контакт наведено погоре.**

**Напомена:**
Понудувачите кои нема да извршат посета **немаат право на учество во тендерот** и во случај на доставување на понуда истата нема да биде предмет на разгледување од страна на ОКТА.

**За време на техничката евалуација, ОКТА по претходна најава има право да изврши увид во просториите на понудувачот, неговите добавувачи, подизведувачи и сл.**

## 5.4 Доставување прашања за појаснување

Прашањата за појаснување треба да бидат доставени по E-mail до лицата за комуникација наведени во точка 1.1.

**Краен рок за доставување прашања е 06/04/2023**.

# 6 ВАЖНОСТ НА ПОНУДАТА

Понудата треба да е со важност најмалку **деведесет (90) работни денови** од крајниот рок за доставување понуди.

# 7 БАНКАРСКИ ГАРАНЦИИ

**После потпишување на Договорот со ОКТА, избраниот понудувачот е обврзан во рок од десет (10) календарски дена да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на услугата во висина од 10% од годишната проценета вредност на договорот. Гаранцијата треба да биде издадена од банка, во форма и содржина прифатлива за ОКТА. Важноста на банкарската гаранција треба да го покрие периодот на важност на договорот + дополнителен еден месец.**

# 8 ОТВАРАЊЕ И ОЦЕНКА НА ПОНУДИ

Отворањето на понуди ќе се врши истовремено од страна на комисија на ОКТА. Во првата фаза ќе се отворат само техничките понуди и се врши увид во документите доставени од Понудувачот согласно точка 5.1.

ОКТА го задржува правото да побара од Понудувачите (по E-mail) во рок од три (3) работни дена, од денот на известувањето, да ги доставаат документите кои не се поднесени. Доколку бараните документи не се поднесени во наведениот рок, ОКТА го задржува правото да ги одбие овие понуди/Понудувачи.

Во текот на оценувањето на понудите, ОКТА го задржува правото да бара одредени појаснувања или доставување на дополнителни документи. Понудувачот мора да одговори во рок од три (3) работни дена од денот на известувањето, во спротивно ОКТА го задржува правото да го исклучи Понудувачот од понатамошна постапка.

Отворање и оценка на финансиската понуда ќе се врши само за оние понуди кои се одобрени во претходната фаза.

## 9 ПРАВА НА ОКТА

a. Понудувачите ќе бидат информирани за резултатите откако е завршена евалуацијата на сите предлози и ќе се потпише договор со најповолниот понудувач;
b. Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или да го поништи тендерот;
c. Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да преговара со еден или повеќе Понудувачи;
d. ОКТА го задржува правото да избере дел од понудата, во случај на доставување на понуда за двете услуги.
e. Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понуда, понудувачите можат да ги доставаат **само писмено (по E-mail) до лицата за контакт на ОКТА наведени во точка 1.1.** ОКТА нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози;
f. ОКТА, по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени истовремено до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање понуда;
g. Понудувачот прифаќа дека ова Барање понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда;
h. Во случај на штета на инвентарот и опремата во сопственост на ОКТА, ОКТА го задржува правото од износот на последната не платена месечната фактура да задржи определен износ кој ќе одговара на висината на направената штета.

## 10 ПРЕГОВОРИ

По завршена евалуацијата на понудите, ОКТА го задржува правото да пристапи во преговори со претпочитаните понудувач/понудувачи за да склучи договор. Во текот на оваа фаза, ОКТА може да побара од тие понудувачи да доставаат ревидирани финансиски понуди во согласност со инструкциите што ќе им бидат доставени на тие понудувачи од ОКТА. **Ревидираните понуди може да се доставаат и преку е-аукција, според упатствата од ОКТА.**

Симона Неделковска

Менаџер на Набавки,
Александар Димитриевски